Во Република Македонија подолго време се работи на издвојување на малолетниците од општиот дел на кривичното право и регулирање на нивната кривично-правна положба во рамките на посебен закон кој е во согласност со концептот за човековите права и Конвенцијата за правата на детето. Превенцијата за заштита на децата од виктимизација и од криминализација се основните цели на реформата содржана во Законот за малолетничка правда, која се применува од јуни 2009 година. Законот го уредува постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија кои се определени како кривични дела и прекршоци. Законот ги определува условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и казнување на малолентиците, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни.

Законот става акцент на превенција и рехабилитација, како активности кои се од најдобар интерес на детето, а надлежните органи во своето постапување ја применуваат ресторативната правда и им даваат проритет на заштитни и воспитни мерки, додека лижувањето од слобода на малолетникот се предивдува како последно средство. Согласно Законот ингеренциите за превенирање на малолетничкото престапништво се пренесени на единиците на локалната самоуправа. Оттука, согласно одредбите од Законот за малолетничка правда, Советот на Општина Карпош на 16 јули 2012 година донесе одлука за формирање на Општински совет за превенција на малолетничко престапништво кој брои 17 членови. Согласно законските одредби Општинскиот совет изготви Годишна програма согласно која ќе бидат имплементирани активности на локално ниво за превенција од малолетничко престапништво

## 1.ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 147 од Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“ бр 87/07, 103/08, 161/08 и 145/10), Советот на Општина Карпош, на педесет и петтата седница одржана на 13 јули 1012 година донесе Одлука за формирање на Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на Општината Каропш.

Согласно одлуката именувани се претседател и членови на Општинскиот Совет. Општинскиот Совет е составен од  членови кои се претставници од Министерството за внатрешни работи – ПС од ОН „Карпош“, Министерство за труд и социјална работа, Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална равота – Скопје, претсавници на советот за родители во основните училишта на територијата на општина Карпош, Адвокатската комора, Здружение на граѓани „Отвори ги прозорците“, Основно јавно обвинителство, и Основен суд Скопје 1.

Задача на Општинскиот совет ги има следните надлежности:

- Донесува годишна програма која ќе биде усвена од Советот на Општината,
- Извршување на работи за следење на состојбите на подрачјето на општината,
- Покренува иницијативи за нивно подобрување и
- Развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на малолетничкото престапништво и третман на малолетните сторители на кривични дела и прекршоци

Согласно своите надлежности Советот на Општината ќе ги превземе потребните активности. Општинскиот Совет во досегашната работа има оддржано една конститутивна седница на која е направен план за изработка на програма.

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ

Децата и малолетниците се проблем на општеството тогаш кога нивниот развој ќе поприми насока на девијантност, деликвентност или криминално поведение, а тој проблем општеството го разрешува преку создавање услови за правилен развој на децата и малолетниците по пат на давање помош и грижа, заштита и контрола. Малолетничкото престапништво подразбира неопштествено и против општествено однесување на личноста во развојниот период, кое е резултат на нејзиниот нарушен биолошки, психолошки и социјален развој. Овој облик на однесување е опасен и сложен дури и патолошки, не само како криминален, но и како правен, економски, социјален, семеен, педагошки, медицински и здравствен општествен проблем.

Малолетничкото престапништво посочува на проблемот на отсуство на опшествена реакција од страна на заедница, чии институции не успеале навремено да реагираат и да го превенираат општествено неповолното однесување.

Порастот на малолетничкиот криминалитет има големо значење за положбата на младата генерација во општеството и влијание врз вкупните односи во општеството. При разгледувањето на криминолошките проблеми, малолетничкото престапништво предизвикува интерес од аспект неговото влијание врз порастот на севкупниот криминалитет, без оглед на фактот што малолетничкиот криминалитет покажува поедноставна и попроста феноменологија.

Следењето на состојбите во однос на малолетничкото престапништво од страна на Државниот завод за статистика се врши во однос на пријавените[1] малолетни лица, обвинетите[2] малолетни лица и осудените[3] малолетни лица. Но податоците во однос на обвинетите малолетни лица не се дистрибуирани по општини, па оттука подолу не се наведени овие информации.

Состојбите во однос на малолетничкото престапништво на територија на Општината Карпош во изминатите четири години посочуваат на потребата од превземање на превентивни мерки со помош на кои ќе се унапреди грижата и заштита од младите кои се во ризик од малолетничко престапништво. Имено, споредбата на податоците за пријавените малолетни лица за дела извршени на територија на Општината Карпош во период помеѓу 2008 и 2011 година укажува дека појавата има тренд на опаѓање, но сепак се наметнува потреба од организирана превентивна активност на ниво на општината. Дистрибуцијата на податоците во однос на најчестите кривичните дела посочува дека најчесто малолетните лица се пријавени за извршување на дела против имотот, по што следат нарушувањето на јавниот ред и делата против животот и телото. Сличен тренд е евидентиран и во однос на бројот на осудени малолетни лица при што најчести се д елата против имотот и делата против животот и телото.

[1] Пријавено малолетно лице се смета малолетно лице против кого постапката по кривичната пријава не е покрената (пријавата е отфрлена), против кого подготвителната постапка е запрена или е подесен предлог за изрекување на казна или воспитна мерка.

[2] Под обвинето малолетно лице се подразбира малолетно лице против кое постапката пред Советот е запрена или не се изречени кривични санкции, како и непресметливо малолетно лице против кое е донесена одлука за примена на мерка на безбедност.

[3] Под осудено лице” се смета малолетен сторител на кривично дело на кој со одлука на судот му е изречена кривична санкција - малолетнички затвор или воспитна мерка.

**Табела бр. 1:** Пријавени малолетници лица според местото на извршување на делото

| Кривични дела против | Број на пријавени малолетни лица во Општина Карпош во година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| Животот и телото | 1 | 3 | 1 | 3 |
| Јавни финансии, платниот промет и стопанството | | | | 1 |
| Слободите и правата на човекот | | 1 | | |
| Имотот | 52 | 38 | 42 | 37 |
| Полов напад | | 1 | | |
| Општата сигурност на луѓето и имотот | | | | |
| Безбедноста на јавниот сообраќај | | 2 | 5 | 1 |
| Јавниот ред | 3 | 11 | 1 | 3 |
| Правниот сообраќај | 2 | 1 | | |
| Останати кривични дела | 6 | 1 | 2 | 1 |
| **Вкупно** | **64** | **57** | **51** | **46** |

**Табела бр. 2:** Осудени малолетници според местото на настанот

| Кривични дела против | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| Животот и телото | 1 | 4 | 10 | 4 |
| Слободите и правата на човекот | | 1 | | |
| Половоата слобода и половиот морал | | 1 | | 1 |
| Имотот | 20 | 40 | 15 | 34 |
| Општата сигурност на луѓето и имотот | | | | 1 |
| Безбедноста на јавниот сообраќај | 2 | 3 | 1 | 2 |
| Јавниот ред | | 12 | 3 | 3 |
| Останати кривични дела | | 1 | 1 | 2 |
| **Правниот сообраќај** | **1** | **2** | | |
| **Вкупно** | **24** | **64** | **30** | **47** |

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА

Законот за малолетничка правда е релативно нов и истиот предвидува специјализација во постапувањето со малолетните сторители на кривични дела на начин кој ќе одговара на нивната возраст и достигнатиот степен на физичка и ментална зрелост. За таа цел се поставува и зајакнува системот на институции со јасно утврдена позиција, улога и надлежност за постапување со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела и прекршоци.

Врз основа на неговите одредби Советот на Општината Карпош за првпат во 2012 година превзема конкретни чекори за создавање на Општинскиот Совет кој ќе има надлежности за креирање и имплементација на локалните политики за превенција на малолетничкото престапништво.

3.1 Во тој контекст, Советот стратешки ќе пристапи кон унапредување на положбата, уважување на потребите и намалување на постојните проблеми со кои се соочуваат младите во Општината Карпош. За таа цел во престојниот период активно ќе работи на сеопфатна анализа на постојната положба на младите во општината која ќе придонесе кон изработка на локална стратегија за намалување на малолетничкото престапништво. Стратегијата примарно ќе биде насочена кон намалување на ризиците кои доведуваат до појавата на млолетничко престапништво.

Со цел да се креира успешна и апликативна стратегија за намалување на малолетничкото престапништво се предлагаат активности со кои пред се ќе се зајакнат капацитетите на членовите на Општинскиот Совет за стратешко планирање.

3.2 Имајќи ја во предвид потребата за зголеување на информираност на членовите на Советот и на стручните работници во рамки на релевантните институции и организации кои делуваат на ниво на Општината Карпош, како и заради потребата од планирање на заеднички активности, се предлага зајакнување на локалното партниерство. Тоа ќе придонесе кон поуспешно реализирање на Акцискиот план за превенција од малолетничко престапништво. Активностите од оваа соработка треба да бидат насочени кон јакнење на институционалните капацитети, јакнење на младите и нивните родители на територија на Општина Карпош.

Воспоставувањето на формална соработка на сите релевантни субјекти на локално ниво подразбира потпишување на меморандуми за соработка помеѓу сите релевенти субјекти.

3.3 Согласно анализата на состојбите во Општина Карпош евидентно е постоење на деца во ризик од малолетничко престапнисштво како и регистриран

број на пријавени и осудени малолентици. Евидентираната состојба е показател за присатноста на проблемот од малолетничко престапништво со што се наметнува потребата за креирање на локални политики и проекти од страна на Општинскиот Совет. Констатираните состојби се темелат на анализа на содржина на одредени стратешки документи усвоени од страна на Општина Карпош како и на Извештаи, Национални Стратегии и други релевантни документи.

Овие показатели ќе бидат насочени кон подигање на јавната свеста за превенција од малолетничко престапништво. Исто така, сознанијата придонесуваат кон развој на превентивни активности со кои ќе бидат опфатени сите образовни институции на територијата на Општината, како и кон развој на инклузивни проекти во кои ќе бидат вклучени и децата од различни возрасни категории.

## 4. ПОЛИЊА НА ИНТЕРВЕНЦИЈА И АКТИВНОСТИ

4.1 Стратешки пристап за воспоставување на механизми за превенција од малолетничко престапништво

4.1.1 Изработка на среднорочна стратегија

4.1.2.Изработка на Годишни акциони и оперативни планови

4.1.3 Мониторинг и евалуација на усвоените стратешки документи

**Индикатор за успешност:**

- 4.1.1.1. Стратегија за малолетничко престапништво на Општина Карпош за периодот 2014-2018
- 4.1.1.2. Изготвена Годишни Програми со Годишни Акциони и Годишни Оперативни Планови за работа на Општинскиот Совет
- 4.1.1.3. Изготвена и усвоен од страна на Општината Карпош, Годишен Извештај за работа на Општинскиот Совет

4.2. Воспоставување и развој на соработка со релевантните актери и градење на капацитетите на стручните лица за работа на превенција на малолетничко престапништво

- 4.2.1. Меморандум за соработка на ОС со сите ОУ, со Секторот за образование при ЛС на Општина Карпош, со ЦСР Карпош, МВР и со невладините организации кои работат на полето на заштита на деца и младите на територија на Општината
- 4.2.2. Зајакнати капацитети на професионалните служби од училиштата за навремено препознавање на малолетничкото престапништво
- 4.2.3. Зајакнати капацитети на стручните лица од релевантните институции за препознавање на малолетничкото престапништво
- 4.2.4. Менторство над деца во ризик од малолетничко престапништво

**Индикатори за успешност**

- 4.2.1.1. Потпишани меморандуми за соработка со основите училишта на територија на Општината
- 4.2.1.2. Потпишан Меморандум за соработка со Државниот и Општински Совет за превенција од малолетничко престапништво

4.2.1.3. Воспоставена соработка на сите релевантни актери кои работат на полето на заштита на правата на детето и спречување на малолетничкото престапништво

4.2.1.4. Избрани и обучени ментори кои делуваат во рамки на основните училишта.

**Носители на активностите:** Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Карпош, Државниот Совет за превенција од малолетничко престапништво, Меѓународни организации ангажирани во заштита на правата на детеот и спречување на малолетничкото престапништво.

4.3. Превенција – Сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво низ поттикнување на активен дијалог и соработка помеѓу сите засегнати страни

4.3.1. Кампања за подигање на свеста за проблемот на малолетничкото престапништво

4.3.2. Одржување на информативно-едукативни работилници во Општина Карпош (тематски расправи) со претставници од институциите на локално ниво, НВО, медиуми, младите и нивните родители

4.3.3. Одржување на информативно-едукативни работилници за подигање на свеста на младите за проблеми кои се тесно поврзани со појавата од малолетничко престапништво

**Индикатори за успешност**

4.3.3.1. Спроведена кампања за подигање на свеста за проблемот на малолетничко престапништво преку дистрибуција на едукативни материјали и одржани јавни расправи

4.3.3.2. Одржани најмалку две едукативни работилници за подигање на свеста на младите за проблемот од малолетничко престапништво

4.3.3.3. Одржани најмалку две едукативни работилници за подигање на свеста на младите за проблеми кои се тесно поврзани со појавата од малолетничко престапништво

**Носители на активности:** Општински Совет за превенција на малолетничкото престапништво на Општината Карпош

**Партнери**: Локални младински невладини организации ОУ, СОУ и Сектор за образование на ЛС на Општина Карпош.

5.ПЛАН ЗА ИНПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ВРЕМЕНСКА И БУЏЕТСКА РАМКА

Област: Примарна превенција

| 1. Политики кои овозможуваат реализација на Акцискиот план за превенција од малолетничко престапништво | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Главна цел: Градење на капацитетите на релевантните актери за стратешко планирање | | | | | | | |
| Специфични цели | Активности | Краткорочни резултати | Долгорочни резултати | Показатели на успешност | Одговорни лица | Партнери | Рок на имплементација | Буџет |
| Изработка на среднорочна стратегија | Организирање на тематски работилници за креирање на стратегија за намалување на малолетничко престапништво | Учество на две тематски работилници за креирање на стратегија за превенција на малолетничко престапништво | Изготвена локална стратегија за намалување на малолетничкото престапништво | -Одржани две тематски работилници<br>-усвена локална стратегија од страна на општината | Општин-скиот Совет | -Експерти<br>-претставници од релевантните институции<br>-претставници НВО | Јануари-Април 2013 | 200.000,00 (Организирање на тематски работилници = 15.000,00; Изготвување на студија 90.000,00; 85.000,00) |
| Изработка на Годишни акциони и оперативни планови | Организирање на тематски работилници за креирање на акциски и оперативни планови за намалување | Учество на две тематски работилници за креирање на акциски и оперативни за превенција на малолетничко престапништв | Изготвени годишни локална акциски и оперативни планови за намалување на малолетничкото | -Одржани две тематски работилници<br>-усвени локални акциски планови од | Општинскиот Совет | -Експерти<br>-претставници од релевантните институции<br>-претставници НВО | Јануари-Април 2013 | -/- |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на малолетничко престапништво | о | престапништво | страна на општината - Мониторинг и евалуација на усвоените акциски и оперативни планови | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | 200.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Локално партнерство преку кое се овозможуваат реализација на Акцискиот план за превенција од малолетничко престапништво | | | | | | | | |
| Главна цел: Градење на капацитетите на стручните лица од релевантните институции за работа на превенција на малолетничкото престапништво | | | | | | | | |
| Специфични цели | Активности | Краткорочни резултати | Долгорочни резултати | Показатели на успешност | Одговорни лица | Партнери | Рок на имплементација | Буџет |
| Зголемување на степенот на знаења на стручните лица за работа со млади на превенција малолетнич | Организирање на дводневен семинари за едукација на стручните служби од училиштата (педагози, | Учество на еден семинари за превенција на малолетничко престапништво | Зајакнати капацитети на стручните лица за навремено препознавање на малолетничкото престапништво | 20 обучени стручни лица од основните училишта во доменот на превенција на малолетничкото престапништво | СО | НВО Национални експерти Домашни и странски фондации | Февруари- Април 2013 | 240.000,00 (Сместување за 20 лица од стручните служби + 10 лица од ОС, обучувачи и гости, Работен |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| кото престапнис штво | психолози, социјални работници, социолози, дефектолози) | | | | | | | материјал, Надомест за обучувачи, Превоз) |
| | Организација на дводневен семинар за унапредеување е на соработката помеѓу лицата вработени во ЦСР, Полициската станица Карпош, Заводот за ментално здравје, училиштата и општината Карпош | Организиран семинар | Зголемен степен на знаење за потенцијалните за соработка на полето на превенција на малолетничкото престапништво | Потпишани меморандуми за соработка на полето на превенцијата на малолетничкото престапништво помеѓу сите релевантни актери | СО | НВО Национални експерти Домашни и странски фондации, Подрачните единици на МВР, МОН и МТСП | Февруари-Април 2013 | 40.000,00 (ангжирање на сала 10.000,00; кафе пауза 15.000,00 денари, 15.000,00 Денари средства за обучувачи) |
| Имплемента-ција на превентивни активности во училиштата за намалување на | Формирање на координативна група на ниво на основни училишта за имплементација на | -Формирана една координативна група -Одржани 5 средби на координативн | Координација на активностите на ниво на основните училишта | Спроведени превентивни активности за намалување на малолетничко престапништв | СО | ОУ | Февруари, 2013 | -/- |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| малолетничкото престапништво | превентивните активности | ата група во текот на една училишна година | | о | | | | |
| | Изброр и обука на училишни ментори кои ќе работат со децата во ризик од малолетничко престапништво | Одржани еднодневни обуки со избраните ментори | Избрани и обучени ментори кои делуваат на ниво на училиште | Менторство над деца во ризик од малолетничко престапништво | СО | ОУ | Март-Декември, 2013 | 40.000,00 (-ангжирање на сала 10.000,00; кафе пауза 15.000,00 денари, 15.000,00 Денари средства за обучувачи) 240.000,00 (средства за 10 ментори за 4 месеци, средства кои ќе се обезбедат од странски донатор) |
| Вкупно | | | | | | | | 560.000,00 |

| |
|---|
| 3. Активности за подигање на јавната свест за превенција од малолетничко престапништво |
| Главна цел: Превенција – Сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво низ |

| поттикнување на активен дијалог и соработка помеѓу сите засегнати страни | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфични цели | Активности | Краткорочни резултати | Долгорочни резултати | Показатели на успешност | Одговорни лица | Партнери | Рок на имплементација | Буџет |
| Анимирање на пошироката јавност за проблемот на малолетничкото престапништво | Кампања за подигање на свеста за проблемот на малолетничкото престапништво | Публикување на материјали преку кои се анимира пошироката јавност за препознавање на облиците на малолетничкото престапништво | Зајакнати капацитети на граѓаните за навремено препознавање на облиците на малолетничко престапништво | Зголемен број на навремено откриени малолетници во ризик од малолетничко престапништво | СО | НВО Национални експерти Домашни и странски фондации | Мај - Септември 2013 | 100.000,00 (изработка на три вида на флаери) |
| | Одржување на информативно-едукативни работилници во Општина Карпош (тематски расправи) со претставници од | Одржани две тематски расправи на тема малолетничко престапништво | Усвојување на заклучоци кои ќе бидат преточени во акциските планови за 2014 и 2015 година | Број на учесници кои активно учествувале на тематските расправи | СО | НВО Национални експерти Домашни и странски фондации, Подрачните единици на МВР, МОН, МТСП и претставници од | Септември-Октомври 2013 | 10.000,00 Трошоци за организација на настаното |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | институциите на локално ниво, НВО, медиуми, младите и нивните родители | | | | | советите на родители | | |
| Подигање на свеста на младите за проблеми кои се тесно поврзани со појавата од малолетничко престапништво | Одржување на информативно-едукативни работилници за подигање на свеста на младите за проблеми кои се тесно поврзани со појавата на малолетничко престапништво | Одржани десет едукативни работилници за подигање на свеста на младите за пробиеми кои се тесно поврзани со појавата на малолетничко престапништво | Зајакнати капацитети на младите за навремено препознавање проблемите кои се тесно поврзани со појавата на малолетничко престапништво | Активна партиципација на младите во активности кои водат кон превенција на малолетничкото престапништво | СО | ОУ и СУ | Март-Декември, 2013 | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | | | | **270.000,00** |

| | |
|---|---|
| Вкупно I | 200.000,00 |
| Вкупно II | 560.000,00 |
| Вкупно III | 210.000,00 |
| **Вкупно во МКД** | **970.000,00** |

Финансирањето на активностите утврдени во оваа Програма во износ од 970.000,00 е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2013 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За одредени активности што не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина Карпош, Градоначалникот, и Општинскиот Совет ќе проценат дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

По завршување на проектите секој реализатор, е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за одобрените средства.

6.Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.07- 596/7
29.01. 2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски

Поими и објаснувања

- **малолетник** е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете;
- **дете во ризик** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил седум, а не наполнил четиринаесет години; дете во ризик се смета и малолетник до 14 годишна возраст -зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на питање, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- **помлад малолетник** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години;
- **помлад малолетник во ризик** е лице кое во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето14, а нема наполенето 16 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- **постар малолетник** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определно како кривично дело или прекршок, наполнил 16 години, а не наполнил 18 години;
- **постар малолетник** во ризик е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 16 години, а не наполнил 18 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната

функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;

- **помладо полнолетно лице** е лице кое во времето на пресудувањето за кривично дело наполнило18, а не наполнило 21 година;

- **мерки се мерки на помош и заштита** определени со закон, што не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на малолетникиот поради сторено кривично дело или прекршок, што суд и други органи определени со овој закон можат да ги применат спрема малолетникот, неговото семејството и старателот;

- **санкција** е правна последица на кривичното дело и прекршокот што се состои во одземање или ограничување на определени слободи и права на малолетникот поради стореното кривично дело или прекршокот што ја изрекува суд во постапка определена со овој закон;

- **надлежен суд** се судија за малолетници и совет за малолетници;

- **други специјализирани органи** се центрите за социјална работа, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и установите за извршување на санкции за малолетници и

- **семејство** се родителите, односно старателот на малолетникот, полнолетните роднини по крв во права линија, брат или сестра, брачниот другар, како и други полнолетни лица со кои малолетникот живее во заедничко домаќинство.

## С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД 3

1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ 4
2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ 4
3. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА 6
4. ПОЛИЊА НА ИНТЕРВЕНЦИЈА И АКТИВНОСТИ 7
   - Стратешки пристап при воведување механизми за превенција од малолетничко престапништво 7
   - Воспоставување и развој на соработка со релевантни субјекти 7
   - Превенција, сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво низ поттикнување на активен, содржински и квалитетен дијалог и соработка на сите засетнати страни 8
5. ПЛАН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ВРЕМЕНСКА И БУЏЕТСКА РАМКА 10

Прилог бр. 1 15

Поими и објаснувања 16

Акроними 17

Библиографија (користени извори на информации)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за воведување во евиденција на недвижен имот – објекти на општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за воведување во евиденција на недвижен имот – објекти на општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош донесена на Шеесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 јануари 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 09- 884/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**29.01.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на Шеесет и втората седница, одржана на 28 јануари 2013 година донесе

## О Д Л У К А

за дополнување на Одлуката за воведување во евиденција на недвижен имот – објекти на општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

Член 1

Во Одлуката за воведување во евиденција на недвижниот имот – објекти на општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.16/2011), во член 1, по алинеја пет се додаваат четири нови алинеи кои гласат:

“ -Објект на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски - Карпош “, ул.„Орце Николов” бр.155 А и ул. „Орце Николов” бр.161, ИЛ бр.46397, КП бр. 2157 – КО –Карпош,

- Објект на Општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски”, ул. “Варшавска” бр. 23, ИЛ бр.55518, КП бр.3408/1 и КП бр.3408/2 – КО – Карпош,

- Објект на Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов”, ул.„Ангел Динев”, ИЛ бр.101313, КП бр.7984, КП бр.7985, КП бр.7986, КП бр.7987, КП бр.7988, КП бр.7990, КП бр.7991 и КП бр.7992 – КО – Карпош и

- Објект на Општинското основно училиште „Аврам Писевски “, с.Бардовци, ИЛ бр.48412, КП бр.1580/1 - КО - Карпош. “

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-596/8
29.01.2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

1.Се објавува Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство донесена на Шеесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 јануари 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09- 884/8**
**29.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02/ и член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („ Службен весник на Република Македониј" бр.6/2012), а во врска со член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („ Службен весник на Република Македонија " бр.24/2012 – Пречистен текст), Советот на Општина Карпош, на Шеесет и втората седница, одржана на 28 јануари 2013 година донесе

**О Д Л У К А**

за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

Член 1

Се поништува постапката по огласот за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во " Димо Хаџи Димов" - Општина Карпош. Бр.262/2012 објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 153/2012.

Постапката за доделување на договор за Јавно приватно партнерство се поништува поради тоа што на огласот не е поднесена ниту една понуда.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерст за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов" – Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2012).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-596/9
29.01.2013 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за наплата на данокот на имот за 2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за наплата на данокот на имот за 2012 година донесен на Шеесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 јануари 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 09- 884/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**29.01.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Шеесет и втората седница одржана на 28 јануари 2013 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на Извештајот за наплата на данокот на имот за 2012 година

1.Се усвојува Извештајот за наплата на данокот на имот за 2012 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Секторот за финансиски прашања.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-596/10
29.01.2013 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање Сгласност на Програмата за работа на ЈП „КАР - ГАС“ – Скопје за 2013 година со детален финансиски план

1.Се објавува Заклучокот за давање Сгласност на Програмата за работа на ЈП „КАР - ГАС“ – Скопје за 2013 година со детален финансиски план донесен на Шеесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 јануари 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09- 884/10**
**29.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Шеесет и втората седница одржана на 28 јануари 2013 годин донесе

## ЗАКЛУЧОК

за давање Сгласност на Програмата за работа на ЈП „КАР - ГАС“ – Скопје за 2013 година со детален финансиски план

1.Се дава Сгласност на Програмата работа на ЈП „КАР - ГАС“ – Скопје за 2013 година со детален финансиски план.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈП Кар-гас Скопје.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-596/11
29.01.2013 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски**

